Агенција за вработување на
Република Македонија

# АНКЕТА ЗА ПОТРЕБА ОД ВЕШТИНИ НА ПАЗАРОТ НА ТРУДОТ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 2017/2018 ГОДИНА

## Резултати од спроведеното истражување

Јануари, 2018 година

Цел на анкетното истражување за потреба од вештини на пазарот на трудот е да се обезбедат одредени краткорочни показатели за очекувањата на работодавачите во однос на новите вработувања и потребите од вештини со кои треба да располагаат лицата, како истите би можеле да бидат конкурентни на пазарот на трудот.

Податоците добиени од работодавачите од приватниот сектор кои имаат 7 и повеќе вработени се насочени кон добивање на информации за:

- потребите од нови вработувања во наредните 6 до 12 месеци;
- потребите од занимања на планираните нови вработувања и
- потребите од вештини со кои треба да располагаат кандидатите за планираните нови вработувања.

Резултатите добиени од анкетното истражување претставуваат основа за креирање на активни програми и мерки за подготовка за вработување, кои имаат за цел да ги подигнат вештините на невработените лица заради зголемување на нивната конкурентност на пазарот на трудот и да придонесат во создавање на услови за подобро функционирање на истиот, преку вкрстување на понудата и побарувачката од соодветно квалификувана работна сила. Истовремено, добиените резултати ќе послужат во образовниот систем при конципирање на уписните политики и при креирање на нови образовни програми за занимања усогласени со потребите на пазарот на трудот.

Анкетното истражување за потребата од вештини на пазарот на трудот се спроведе во месец декември 2017 година, на примерок на работодавачи на целата територија на Република Македонија, според метод на телефонска анкета и електронска форма на анкетирање, а истото беше спроведено од страна на специјализирана истражувачка куќа.

Со анкетата за потребата од вештини на пазарот на труд во Република Македонија беа опфатени вкупно 3005 работодавачи или 35,7% од вкупно регистрираните работодавачи од приватниот сектор со седум и повеќе вработени. Според големината на работодавачот, 2462 (81,9%) се мали работодавачи со број на вработени од 7-49, 455 (15,2%) се средни работодавачи со број на вработени од 50-249 и 88 (2,9%) големи работодавачи со 250+ вработени.

Вкупниот број на вработени кај 3005 анкетирани работодавачи кои се опфатени со ова истражување е 135516 лица или 48,0% од вкупниот број на вработени кај работодавачите со 7 и повеќе вработени на цела територија на Република Македонија.

| Дејности | Вкупен број на работодавачи со 7 и повеќе вработени | Број на работодавачи опфатени со анкетата | Вкупен број на вработени кај работодавачите со 7 и повеќе вработени | Број на вработени опфатени со анкетата | % на работодавачи опфатени со анкетата | % на вработени опфатени во анкетата |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Земјоделство, шумарство и рибарство | 172 | 61 | 6262 | 2484 | 35.5 | 39.7 |
| Рударство и вадење камен | 58 | 19 | 3562 | 2429 | 32.8 | 68.2 |
| Преработувачка индустрија | 1860 | 830 | 106225 | 49715 | 44.6 | 46.8 |
| Снабдување со електрична енергија, гас и вода | 41 | 15 | 3004 | 485 | 36.6 | 16.1 |
| Градежништво | 695 | 288 | 20427 | 11059 | 41.4 | 54.1 |
| Трговија на големо и трговија на мало | 2415 | 840 | 59486 | 27905 | 34.8 | 46.9 |
| Транспорт и складирање | 908 | 266 | 17887 | 7320 | 29.3 | 40.9 |
| Објекти за сместување и сервисни дејности со храна | 673 | 195 | 12448 | 4824 | 29.0 | 38.8 |
| Информации и комуникации | 222 | 63 | 6916 | 3385 | 28.4 | 48.9 |
| Финансиски дејност и дејности на осигурување | 336 | 105 | 16104 | 11023 | 31.3 | 68.4 |
| Дејности во врска со недвижен имот | 55 | 21 | 1754 | 948 | 38.2 | 54.0 |
| Стручни, научни и технички дејности | 350 | 100 | 6741 | 2426 | 28.6 | 36.0 |
| Административни и помошни услужни дејности | 123 | 41 | 5717 | 3641 | 33.3 | 63.7 |
| Образование | 108 | 30 | 1957 | 626 | 27.8 | 32.0 |
| Дејности на здраствена и социјална заштита | 266 | 84 | 5652 | 3014 | 31.6 | 53.3 |
| Уметност, забава и рекреација | 70 | 24 | 6562 | 3573 | 34.3 | 54.4 |
| Други услужни дејности | 68 | 23 | 1387 | 659 | 33.8 | 47.5 |
| Вкупно | **8420** | **3005** | **282091** | **135516** | **35.7** | **48.0** |

Анализирано според дејности, опфатот е различен. Во преработувачката дејност и во градежништвото, опфатот со анкетата е 44,6%, односно 41,4% од вкупниот број на компании регистрирани во овие дејности, во дејности во врска со недвижен имот опфатот е 38,2%, во снабдување со електрична енергија, гас и вода 36,6%, во дејноста трговија на големо и трговија на мало опфатот е 34,8%, а опфат помал од 30,0% се забележува во дејноста транспорт и складирање 29,3%, стручни научни и технички дејности 28,6%, дејноста образование, како и во дејноста информации и комуникации, каде опфатот соодветно изнесува 27,8%, односно 28,4%.

Според бројот на вработени, најголем опфат има во финасиската дејност и дејности на осигурување, како и во дејноста рударство и вадење камен, каде опфатот со анкетата е повеќе од 68%, потоа во административни и помошни услужни дејности 63,7%, а во дејностите уметност забава и рекреација, здравствена и социјална заштита, дејности во врска со недвижен имот и градежништво, опфатот со анкетата е околу 54% од вкупниот број на вработени кај работодавачите од овие дејности.

Набљудувано по региони, во Скопскиот регион анкетирани се 1224 работодавачи или 40,7% од вкупно анкетираните, во Пелагонискиот регион 303 или 10,1%, во Источниот регион 302

или 11,6%, Југоисточен регион 281 или 9,4%, Југозападен регион 242 работодавачи или 8,5%, Полошки регион 227 или 7,6%, Вардарски 225 или 7,5% и во Североисточниот регион 201 работодавачи или 7,2% од вкупно анкетираните.

Во однос на економската активноста на работодавачите, анкетното истражување покажа дека во изминатиот период од 6 месеци пред анкетирањето, 67,5% од анкетираните работодавачи имале константна побарувачка на своите производи/услуги, а 18,4% забележале намалување на нивната економска активност, односно намалена побарувачка на производите/услугите.

Во наредниот период од 6 до 12 месеци, најголемиот број од анкетираните работодавачите 51,6%, очекуваат константна побарувачка на своите производи/услуги, 41,6% од работодавачи очекуваат зголемување на побарувачката на производите/услугите, а 6,8% од анкетираните работодавачи очекуваат намалување на нивната економска активност, односно намалување на побарувачката на производите/услуги.

На ниво на Република Македонија, во наредниот период од 6-12 месеци се очекуваат вкупно 8406 вработувања.

*Според големината на работодавачот*, кај малите работодавачи се очекуваат да се реализираат 2924 вработувања или 34,7%, кај средните по големина работодавачи се очекуваат 2963 вработувања или 35,3% и кај големите работодавачи се очекуваат да се реализираат 2519 вработувања или 30,0% од вкупниот број на очекувани вработувања во наредните 12 месеци.

*Анализирано според дејноста*, најголем број вработувања се очекуваат во преработувачката индустрија, односно 3201 или 38,1% од вкупно планираните вработувања, потоа во трговијата на големо и трговијата на мало, каде се очекуваат 1573 вработувања или 18,7% , во градежништво каде работодавачите од оваа дејност планираат 1132 вработувања или 13,5%, потоа во финансиски дејности и дејности на осигурување, каде се очекуваат 549 вработувања или 6,5% од вкупно очекуваните вработувања, а во останатите дејности се очекуваат помал број на вработувања.

*Набљудувано по регион,* во Скопскиот регион се очекуваат 3088 вработувања, во Источниот регион 1398 вработувања, во Пелагонискиот регион 1066, во Вардарскиот регион 981, во Југоисточниот регион 723 вработувања, во Полошкиот регион 452 вработувања и во Североисточниот и Југозападниот регион, соодветно се очекуваат да се реализираат 357, односно 341 од вкупниот број на вработувања.

Според степенот на потребно знаење (образование), во наредните 12 месеци, од очекуваните вработувања, 967 (11.6%) ќе бидат за лица со завршено високо образование, 642

(7.6%) за лица со завршено средно и вишо образование, 5264 (62.6%) ќе бидат за лица со завршено средно образование и 1533 (18,2%) вработувања се очекуваат да бидат за лица со завршено основно образование.

Имајќи го во предвид степенот на потребно знаење (образование), според искажаните потреби од анкетираните работодавачи, приоритет при новите вработувања во наредните 12 месеци ќе имаат лицата со следните занимања[1]

*Со завршено високо образование* (*програми до и постдипломско универзитетско образование):* програмер, машински инженер, градежен инженер, економист, економист-консултант, архитект, инженер за телекомуникации, правник, доктор по медицина, сметководител, графички дизајнер, специјалист за безбедност на информациска и комуникациска технологија, фармацевт, истражувач во агрономија и др.

*Со средно или вишо образование (програми за средно и вишо образование освен универзитетско):* оператор за машинско одржување, техничар-технолог, администратор, комерцијалист, медицинска сестра, машински техничар, агент за пропаганда, техничар за прехранбена индустрија, текстилен техничар, шпедитерски царински декларант, електротехничар, книговодител, контролор на квалитет и др.

*Со средно образование (програми за средно образование)*: шивач, продавач,градежен работник, возач на товарно возило, кројач, подготвувач на тутун за обработка, обезбедувач (заштита на лица и имот), готвач, келнер, возач на лесни доставни возила, столар, бравар, магационер, одржувач на други машини, заварувач, ракувач со алатни машини, рецепционер, шанкер, пекар, ѕидар, лозар, механичар електротехничар, ткајач, угостителски работник, електричар за одржување, месар и други.

*Со завршено основно образование (завршено основно образование):* општ работник, хигиеничар на станбен и деловен простор, обиколувач, дистрибутер (малопродажба), работник на едноставни работи на производствена линија, работник за едноставни работи во преработката на тутун, собарки, работник во одржување, помошник во кујна и др.

Во врска со барањата за посебни знаења и вештини кои треба да ги поседуваат потенцијалните кандидати за вработување со повисок степен на образование, истражувањето покажа дека работодавачите најмногу ја нагласуваат потребата од познавањето на странски јазици, (англиски, германски, италијански), познавање на основни компјутерски апликации (MS Office, Auto Cad), како и стекнати напредни знаења и вештини од областа на информациската

[1] Според НКЗ-Национална класификација на занимањата

технологија (сервер администратор, CISCO, Java programmer, Oracle). Притоа работодавачите ја нагласуваат потребата од задолжително поседување на сертификати за стекнатите знаења.

Меѓу другите вештини се нагласува и потребата од комуникациски вештини, амбициозност, одговорност, доверливост, прецизност, тимска работа, вештина за внес и читање на податоци, флексибилност, вештини за продажба и маркетинг, вештини за менаџирање.

При пополнување на слободните работни места, некои работодавачи се изјасниле дека се соочиле со одредени потешкотии при пополнување на работните места и како најчести причини ги навеле: недостаток на кандидати за вработување со соодветно работно искуство, недостаток на интерес и мотивација на кандидатите за извршување на работните задачи во конкретно занимање, недостаток на кандидати со соодветно образование, недостаток на кандидати кои би прифатиле работа за понудената плата.

Анкетното истражување за Анализа на потребите од вештини на пазарот на трудот, обезбедува корисни краткорочни показатели за очекувањата на работодавачите во однос на новите вработувања и потребите од вештини со кои треба да располагаат лицата, како истите би можеле да бидат конкурентни на пазарот на трудот.

Во однос на соработката со Агенцијата за вработување, работодавачите искажале задоволство од досегашната соработка и потребата од редовно информирање за активните програми, мерки и услуги за вработување.

Притоа голем број работодавачи се заинтересирани за користење на една од клучните услуги на Агенцијата за вработување, а тоа е посредување при вработување по барање на работодавач со упатување на лице од евиденцијата на невработени лица заради вработување, како и мерката обука на работно место по барање на работодавачот.

Активностите на Агенцијата за вработување, како значаен учесник на пазарот на трудот, се насочени кон поуспешно поврзување на понудата и побарувачката на работната сила, како и активности за зголемување на капацитетите за вработување на невработените лица, со цел нивна успешна интеграција на променливиот пазар на труд.

Воедно, потребно е континуирано да се работи на усогласување на образовниот систем и образовните програми според барањата на пазарот на трудот. Исто така, значајно е да се стави поголем акцент за информирање на јавноста, пред се на децата од завршните години на школување и нивните родители, во врска со занимањата и професиите кои се перспективни и побарувани на пазарот на трудот.